Врз основа на член 8 од Политиката за депозити, член 36 од Изјава за основање на Штедилница Фулм 02-369/2 од 29.10.2025 година, Единствениот содружник на Штедилница ФУЛМ Скопје на својата седница на 24.06.2026 година ја донесена следната

# О Д Л У К А
## за услови под кои се врши прибирање на депозити во Штедилница ФУЛМ ДОО Скопје

### член 1

Штедилницата прима депозити по видување, орочени депозити и флекси депозити (во понатамошниот текст депозити) со променлива и со фиксна каматна стапка со каматни стапки согласно Прилог 1а . Депозитите се денарски или индексирани со евро на денот на прием на депозитот. Депозитите се со рок на орочување од 1 (еден) до 84 (осумдесет и четири) месеци и со можност за доспевање на однапред определен датум. Депозитите до 31.12.2017 година, автоматски се преорочуваат заедно со доспената камата на денот на доспевање на депозитот. Депозитите вложени од 01.01.2018 година, може автоматски да се преорочуваат заедно со доспеаната камата или да се преорочи само депозитот. Депозитот може да биде со капитализација или без капитализација на камата.

### член 1а

Штедилницата прима орочени депозити (во понатамошниот текст депозити) на физички лица кои не се членови на ЗГ ФУЛМ со фиксна каматна стапка со каматни стапки согласно Прилог 3.

### член 2

Најмал вкупен износ на орочен депониран штеден влог изнесува 2.000,00 денари, освен за членскиот депозит, флекси депозит, депозит по видување, младинскиот клуб, КлучНА доверба депозит и ограничени депозити.

### член 3

Штедилницата ги осигурува депозитите кај Фондот за осигурување на депозити. Штедилницата гарантира со капиталот за сигурноста на депозитите.

### член 4

Променлива каматна стапка е пресметана како збир од последно важечката рефернтна каматна стапка зголемена или намалена за соодветни процентни поени. Каматната стапка ќе се ревидира согласно промена на референтната каматна стапка објавена од НБРСМ и таа не може да биде пониска од 0.1% годишно. На денот на вложувањето на депозитот, Штедилницата ги обелоденува последните важечки каматни стапки во Прилог 1б и Прилог 1в кон оваа Одлука. Фиксната каматна стапка е непроменлива за периодот на орочување. На денот на доспевање, депозитите се преорочуваат на истиот период и по каматни стапки кои се важечки на денот на преорочувањето.

### член 4а

По исклучок на член 4 за време на траење на вонредна состојба каматната стапка се определува на месечно ниво и тоа во висина на референтна стапка, што важела на последниот ден од претходниот месец. При пресметката се користи последната референтна стапка утврдена и објавена на веб страницата од Народната банка на Република Северна Македонија

### член 5

Пресметката на каматата е по дневна конформна метода на депозитот. За депозити по видување кои на 31.12 имаат салдо на членски депозити или се постоечки корисници на услуги и/или се корисници преку фамилијарните депозити, камата се пресметува на 31.12 за тековната година со последната објавена каматна стапка. Депозити кои ќе се раскинат пред денот на доспевање, на денот на раскинување на депозит ќе се пресмета и исплати камата на депозит за видување со последната објавена каматна стапка. Кај депозитите со капитализација на камата, каматата се пресметува на месечно ниво и истата месечно се пренесува на орочениот депозит при што зголемениот износ (главница и камата) е основа за пресметка на камата и се евидентира како доспеан до денот на

исплата на каматата, а кај депозитите без капитализација се пресметува месечно и се евидентира како доспеана камата на месечно ниво на денот на доспевање и се става на располагање на депозит по видување. Валутната клаузула се однесува само за заштита од повеќе од 5% (пет проценти) девалвација.
При промена на каматната стапка, Штедилницата може да изврши еднократно усогласување на каматната стапка преку стапка на доверба. Поради долгогодишната доверба во Штедење, при намалување на каматната стапка ќе се пресмета каматна стапка зголемена за 0.05-1.20% зависно од периодот на иницијалното вложување во однос на последната објавена каматна стапка за депозитниот продукт. Стапката на доверба се пресметува на денот на намалување на каматната стапка и важи до денот на прво доспевање на депозитот или прво зголемување на референтната каматна стапка.
Доколку депонентот на денот на исплата на депозитот се одлучи исплатата на депозит да ја реализира преку безготовински промет, Штедилницата може да изврши исплата на бонус камата од 0.05% од исплатениот износ (камата и/или депозит).
Депонентот може да го раскине договорот и пред истекот на денот на достасување со претходно поднесено писмено барање од најмалку 2(два) работни дена пред раскинување на договорот и само врз основа на согласност од Штедилницата.
Депонентот има право да именува лица кои ќе располагаат со депозитот. Доколку депонентот е малолетно лице или лице со пречки во развојот, депозитот го вложува и располага со истиот законски застапник/ци или законски старател/ли. Депозитите може да се користат за обезбедување на договор за кредит, за што депонентот потпишува Изјава и тој депозит станува ограничен депозит. Ограничениот депозит се ослободува на денот на подмирување на сите обрски од договорот за кредит со кој овој депозит ќе се ослободи и ќе биде ставен на располагање на депонентот. Позитивната разлика помеѓу износот на ограничениот дел од депозитот и вкупните обврски по кредитот за кој се користи депозитот, може да биде ослободена на барање на депонентот.

**член 6**

За депозитите кои се вложени до 31.12.2017 година се определува променлива каматна стапка, освен за депозитите кои се со фиксна каматна стапка до денот на орочување и членските депозити. Каматните стапки на вложените депозити до 31.12.2017 се објавени во Прилог 2. Управителот на Штедилницата има право да одобри исклучок за промена на услови на депозит, и да извести на следната седница на Единствениот содружник.

**член 7**

Надоместоците за работа со депозитите се согласно тарифа на Штедилница ФУЛМ.

Како мерка за намалување на кеш трансакциите Штедилница ФУЛМ на заинтересираните штедачи може им ја плати провизијата за пренос на средствата од банките на трансакциска сметка на ФУЛМ, ако достават хартиен или електронски налог од банка како доказ.

**член 8**

Согласно член 116 од Законот за данок на личен доход, одредбите кои се однесуваат на оданочувањето на каматите од орочени депозити ќе се применуваат од денот на пристапувањето на РС Македонија во Европската Унија.

**член 9**

Одлуката стапува во сила од денот на нејзиното усвојување, а ќе се применува од 01.07.2026 година, а преорочувањето важи согласно член 4. Составен дел на оваа Одлука е Прилог 1а, 1б,1в , Прилог 2.

Овластено Лице на Единствен Содружник
на Штедилница ФУЛМ ДОО Скопје
Стево Андровиќ
с.р.

Претседавач на Единс. Содружник
на Штедилница ФУЛМ ДОО Скопје
Зулфи Џафери
с.р.

Изработил: Ревизија: Одобрил:

Прилог 1а

| *Прилог 1а* <br><br> ***Вид на продукт*** | **Денарски** | | | | **Со валутна клаузула** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Променлива (последна објавена референтна каматна стапка намлена за) | | Фиксна | | Променлива (последна објавена референтна каматна стапка намалена за) | | Фиксна | |
| | Декурзивна | Антиципативна | Декурзивна | Антиципативна | Декурзивна | Антиципативна | Декурзивна | Антиципативна |
| **Депозит по видување** | | | | | | | | |
| Депозит по видување (а виста) | | / | *0,05%* | / | / | / | / | / |
| младински клуб за штедење | | / | *1%* | / | / | / | / | / |
| **Орочени депозити** | | | | | | | | |
| **Депозити од 1 до 3 месеци** | | | | | | | | |
| депозит на 1 месец | *-3,55* | / | *0,45* | / | *-3,65* | / | *0,35* | / |
| депозит на 3 месеци | *-3,50* | / | *0,50* | / | *-3,60* | / | *0,40* | / |
| **Депозити на 6 месеци** | | | | | | | | |
| депозит на 6 месеци | *-3,30* | / | *0,70* | / | *-3,55* | / | *0,45* | / |
| Флекси плус на 6 месеци | *-3,40* | / | *0,60* | / | *-3,60* | / | *0,15* | / |
| **Депозити од 7 до 11 месеци** | | | | | | | | |
| депозит на 7 месеци | *-3,30* | / | *0,70* | / | / | / | / | / |
| депозит на 8 месеци | *-3,30* | / | *0,70* | / | / | / | / | / |
| депозит на 9 месеци | *-3,30* | / | *0,70* | / | / | / | / | / |
| **Депозити на 12 месеци** | | | | | | | | |
| депозит на 12 месеци | *-2,60* | / | *1,40* | / | *-3,45* | / | *0,55* | / |
| Флекси плус на 12 месеци | *-3,05* | / | *0,95* | / | *-3,45* | / | *0,30* | / |
| **Депозити од 13 до 23 месеци** | | | | | | | | |
| депозит на 14 месеци | *-2,55* | / | *1,45* | / | *-3,35* | / | *0,65* | / |
| депозит на 16 месеци | *-2,50* | / | *1,50* | / | / | / | / | / |
| депозит на 18 месеци | *-2,45* | / | *1,55* | / | *-3,35* | / | *0,65* | / |
| **Депозити од 24 до 60 месеци** | | | | | | | | |
| членски депозит на 24 месеци | / | / | *2%* | / | / | / | / | / |
| членски депозит на 24 месеци рати за п.к | / | / | *2%* | / | / | / | / | / |
| ЕКО грин депозит на 24 месеци | *-1,60* | / | *2,40* | / | *-2,70* | / | *1,30* | / |
| ЕКО грин депозит доверба 30 месеци | / | / | *3,30* | / | / | / | / | / |
| ЕКО грин депозит на 36 месеци | *-0,90* | / | *3,10* | / | *-2,50* | / | *1,50* | / |
| ЕКО грин депозит на 48 месеци | *-0,80* | / | *3,20* | / | *-2,40* | / | *1,60* | / |
| ЕКО грин депозит на 60 месеци | *-0,70* | / | *3,30* | / | *-2,30* | / | *1,70* | / |
| **Депозити над 60 месеци** | | | | | | | | |

Прилог 1б

Важечки каматни стапки за ново примени депозити од 01.07.2026 година

| ***Вид на продукт*** | **Денарски** | | | | **Со валутна клаузула** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Променлива при референтна каматна стапка од 4,25 % | | Фиксна | | Променлива при референтна каматна стапка од 4,25 % | | Фиксна | |
| | Декурзивна | Антиципативна | Декурзивна | Антиципативна | Декурзивна | Антиципативна | Декурзивна | Антиципативна |
| **Депозит по видување** | | | | | | | | |
| Депозит по видување (а виста) | | ***/*** | ***0,05%*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** |
| младински клуб за штедење | | ***/*** | ***1%*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** |
| **Орочени депозити** | | | | | | | | |
| **Депозити од 1 до 3 месеци** | | | | | | | | |
| депозит на 1 месец | ***0,45*** | ***/*** | ***0,45*** | ***/*** | ***0,35*** | ***/*** | ***0,35*** | ***/*** |
| депозит на 3 месеци | ***0,50*** | ***/*** | ***0,50*** | ***/*** | ***0,40*** | ***/*** | ***0,40*** | ***/*** |
| **Депозити на 6 месеци** | | | | | | | | |
| депозит на 6 месеци | ***0,70*** | ***/*** | ***0,70*** | ***/*** | ***0,45*** | ***/*** | ***0,45*** | ***/*** |
| Флекси плус на 6 месеци | ***0,60*** | ***/*** | ***0,60*** | ***/*** | ***0,40*** | ***/*** | ***0,15*** | ***/*** |
| **Депозити од 7 до 11 месеци** | | | | | | | | |
| депозит на 7 месеци | ***0,70*** | ***/*** | ***0,70*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** |
| депозит на 8 месеци | ***0,70*** | ***/*** | ***0,70*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** |
| депозит на 9 месеци | ***0,70*** | ***/*** | ***0,70*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** |
| **Депозити на 12 месеци** | | | | | | | | |
| депозит на 12 месеци | ***1,40*** | ***/*** | ***1,40*** | ***/*** | ***0,55*** | ***/*** | ***0,55*** | ***/*** |
| Флекси плус на 12 месеци | ***0,95*** | ***/*** | ***0,95*** | ***/*** | ***0,55*** | ***/*** | ***0,30*** | ***/*** |
| **Депозити од 13 до 23 месеци** | | | | | | | | |
| депозит на 14 месеци | ***1,45*** | ***/*** | ***1,45*** | ***/*** | ***0,65*** | ***/*** | ***0,65*** | ***/*** |
| депозит на 16 месеци | ***1,50*** | ***/*** | ***1,50*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** |
| депозит на 18 месеци | ***1,55*** | ***/*** | ***1,55*** | ***/*** | ***0,65*** | ***/*** | ***0,65*** | ***/*** |
| **Депозити од 24 до 60 месеци** | | | | | | | | |
| членски депозит на 24 месеци | ***/*** | ***/*** | ***2%*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** |
| членски депозит на 24 месеци рати за п.к | ***/*** | ***/*** | ***2%*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** |
| ЕКО грин депозит на 24 месеци | ***2,40*** | ***/*** | ***2,40*** | ***/*** | ***1,30*** | ***/*** | ***1,30*** | ***/*** |
| ЕКО грин депозит доверба 30 месеци | ***/*** | ***/*** | ***3,30*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** |
| ЕКО грин депозит на 36 месеци | ***3,10*** | ***/*** | ***3,10*** | ***/*** | ***1,50*** | ***/*** | ***1,50*** | ***/*** |
| ЕКО грин депозит на 48 месеци | ***3,20*** | ***/*** | ***3,20*** | ***/*** | ***1,60*** | ***/*** | ***1,60*** | ***/*** |
| ЕКО грин депозит на 60 месеци | ***3,30*** | ***/*** | ***3,30*** | ***/*** | ***1,70*** | ***/*** | ***1,70*** | ***/*** |
| **Депозити над 60 месеци** | | | | | | | | |

Прилог 1в

Важечки каматни стапки за примени депозити од 01.09.2021 до 30.06.2026 година до денот на доспевање

| ***Вид на продукт*** | **Денарски** | | | | **Со валутна клаузула** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Променлива при референтна каматна стапка од 4,00 % | | Фиксна | | Променлива при референтна каматна стапка од 4,00 % | |
| | Декурзивна | Антиципативна | Декурзивна | Антиципативна | Декурзивна | Антиципативна |
| **Депозит по видување** | | | | | | |
| Депозит по видување ( а виста) | / | / | ***0.05%*** | / | / | / |
| младински клуб за штедење | / | / | ***1%*** | / | / | / |
| **Орочени депозити** | | | | | | |
| **Депозити од 1 до 3 месеци** | | | | | | |
| депозит на 1 месец | ***0.20%*** | / | / | / | / | / |
| депозит на 3 месеци | ***0.25%*** | / | / | / | / | / |
| **Депозити на 6 месеци** | | | | | | |
| депозит на 6 месеци | ***0.70%*** | / | / | / | / | / |
| Флекси плус на 6 месеци | ***0.35%*** | / | ***0.35%*** | / | / | / |
| **Депозити од 7 до 11 месеци** | | | | | | |
| депозит на 7 месеци | / | / | / | / | / | / |
| депозит на 8 месеци | ***0.45%*** | / | / | / | / | / |
| депозит на 9 месеци | ***0.45%*** | / | / | / | / | / |
| **Депозити на 12 месеци** | | | | | | |
| депозит на 12 месеци | ***До 1.25%*** | / | ***До 1.65%*** | / | ***До 0.40%*** | / |
| Флекси плус на 12 месеци | ***До 0.70%*** | / | ***До 1.05%*** | / | ***До 0.30%*** | / |
| **Депозити од 13 до 23 месеци** | | | | | | |
| депозит на 14 месеци | ***До 1.20%*** | / | / | / | ***0.40%*** | / |
| депозит на 16 месеци | ***До 0.65%*** | / | / | / | / | / |
| депозит на 18 месеци | ***До 1.30%*** | / | ***1.75%*** | / | / | / |
| **Депозити од 24 до 60 месеци** | | | | | | |
| членски депозит на 24 месеци | / | / | ***2%*** | / | / | / |
| депозит на 24 месеци | ***До 2.15%*** | / | ***До 3.70%*** | / | ***До 1.05%*** | / |
| ЕКО грин депозит доверба 30 месеци | / | / | / | / | / | / |
| депозит на 36 месеци | ***До 2.85%*** | / | ***До 4.10%*** | / | ***До 1.25%*** | / |
| депозит на 48 месеци | ***До 5.10%*** | / | ***До 4.20%*** | / | / | / |
| депозит на 60 месеци | ***До 5.10%*** | / | ***До 4.30%*** | / | / | / |
| КлучНА доверба депозит | / | / | ***4.40%*** | / | / | / |

Прилог 2

Важечки каматни стапки за физички лица кои не се членови на ЗГ ФУЛМ

| ***Вид на продукт*** | **Денарски (постоечки депозити)** | | | | **Со валутна клаузула** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Променлива | | Фиксна | | Променлива | |
| | Декурзивна | Антиципативна | Декурзивна | Антиципативна | Декурзивна | Антиципативна |
| **Орочени депозити** | | | | | | |
| **Депозити од 6 д 12 месеци** | | | | | | |
| Депозит на 6 месеци | | | ***0.1%*** | | | |
| Депозит на 12 месеци | | | ***0.25%*** | | | |
| **Депозити од 24 до 60 месеци** | | | | | | |
| депозит на 24 месеци | | | ***0.25%*** | | | / |
| депозит на 36 месеци | | | ***0.45%*** | | | / |
| депозит на 48 месеци | | | ***0.55%*** | | | |
| Депозит на 60 месеци | | | ***0.65%*** | | | / |